- Бр. 59

# АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

1155.

Врз основа на членот 158-ѕ, точка 1 и членот 209, а во врска со членот 160 од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/02, 79/07, 88/08, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15 и 23/16), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на 10.5.2017 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОСНОВНИТЕ ПОСТАПКИ, ПРАВИЛА И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за основните постапки, правила и начинот на спроведување супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/14) во членот 1 во ставот (1) зборовите: „ и Националното биро за осигурување“ се бришат.

Во петата алинеја после зборовите: „други супервизорски органи“ се додаваат зборовите „и други институции“.

Во ставот (3) пред првата алинеја се додава нова (прва) алинеја која гласи: „Националното биро за осигурување“.

Член 2

Во членот 4 по ставот (2) се додава нов став (3) кој гласи:

(3) Доколку до изготвување на Записникот од спроведена вонтеренска супервизија, друштвото документирано докаже дека одредени неусогласености констатирани во текот на спроведување на супервизијата се надминати и истото е прифатено од страна на супервизорите, во Записникот ќе се констатира неусогласеноста со напомена дека друштвото презело активности за надминување на неусогласеноста за што доставило и соодветна доказна документација. Доколку пак друштвото, по изготвување на Записникот од спроведена вонтеренска супервизија, а до моментот на негова конечност, достави докази за усогласување со неусогласеностите констатирани во Записникот и истите докази се прифатени од страна на супервизорите, друштвото ќе биде писмено известено.”

Ставовите (3), (4), (5) и (6), стануваат ставови (4), (5), (6) и (7).

Член 3

Во членот 5 во ставот (1) после втората реченица се додава уште една реченица која гласи: „Покрај забелешки по одредени наоди констатирани во записникот, друштвото може да достави и докази дека ги отстранило незаконитостите констатирани во Записникот.”

Во ставот (6), точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „но не подоцна од 30 дена од приемот на одговорот од Агенцијата за конечност на Записникот.”

Ставот (7) се менува и гласи:

„Надзорниот орган на друштвото е должен писмено или електронски да ја извести Агенцијата најдоцна три дена пред одржување на седницата за местото, начинот и времето на одржување на седницата на која ќе се разгледува Записникот од спроведената вонтеренска супервизија. Супервизорите може да присуствуваат на седницата на надзорниот орган на која се разгледува Записникот од спроведена вонтеренска супервизија. Најдоцна петтиот ден по усвојување на записникот од седницата на надзорниот орган на која е разгледан Записникот, копија од истиот Друштвото е должно да достави до Агенцијата .“

Член 4

Во членот 6 во ставот (4) во првата алинеја зборовите: „за осигурување“ се бришат. Вториот став (4) станува став (5).

Член 5

Во членот 7 став (7) зборот „соглсено“, се менува и гласи „согласно”.

Член 6

Во членот 9 став (2) точката се брише и се додаваат зборовите „со решение со наод.”.

Член 7

Во членот 10 ставот (1) се менува и гласи:

„По спроведената теренска супервизија, супервизорите составуваат Записник од спроведена теренска супервизија. Доколку до изготвување на Записникот од спроведена теренска супервизија, друштвото документирано докаже дека одредени неусогласености констатирани во текот на

спроведување на супервизијата се надминати и истото е прифатено од страна на супервизорите, во Записникот ќе се констатира неусогласеноста со напомена дека друштвото презело активности за надминување на неусогласеноста за што доставил и соодветна доказна документација. Доколку пак друштвото, по изготвување на Записникот од спроведена теренска супервизија, а до моментот на негова конечност, достави докази за усогласување со неусогласеностите констатирани во Записникот и истите докази се прифатени од страна на супервизорите, друштвото ќе биде писмено известено."

Во ставот (2) зборот „составуваа" се менува со зборот „составуваат".

Член 8

Во членот 11 ставот (1) се менува и гласи:

„Друштвото кое што било предмет на супервизија има право да достави забелешки по однос на наодите констатирани во Записникот. Кон забелешките друштвото треба да достави документирани докази со кои ќе ги поткрепи забелешките. Покрај забелешки по одредени наоди констатирани во записникот, друштвото може да достави и докази дека ги отстранило незаконитостите констатирани во Записникот."

Во ставот (6) точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите„ но не подоцна од 30 дена од приемот на одговорот од Агенцијата за конечност на Записникот."

Ставот (7) се менува и гласи:

„Надзорниот орган на друштвото е должен писмено или електронски да ја извести Агенцијата најдоцна три дена пред одржување на седницата за местото, начинот и времето на одржување на седницата на која ќе се разгледува Записникот од спроведената теренска супервизија. Супервизорите може да присуствуваат на седница на надзорниот орган на која се разгледува Записникот од спроведената теренска супервизија. Најдоцна петтиот ден по усвојување на записникот од седницата на надзорниот орган на која е разгледан Записникот, копија од истиот друштвото е должно да достави до Агенцијата ."

Член 9

Членот 12 се менува и гласи:

„Член 12

(1) Доколку во текот на спроведување на супервизијата се утврди дека друштвото не ги почитува одредбите од Законот за супервизија на осигурување, Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, подзаконските акти донесени врз основа на овие закони, како и останатите прописи (во понатамошниот текст: утврдени незаконитости и/или неправилности), Агенцијата може да ги изрече следниве мерки на супервизија:

1. Наредба за отстранување на незаконитости;
2. Одредување на дополнителни мерки на супервизија;
3. Одземање на дозволата;
4. Воведување на посебна управа;
5. Поднесување на предлог за покренување на прекршочна постапка, односно изрекување прекршочна санкција;
6. Спроведување на ликвидација на друштвото и
7. Поднесување на предлог за отворање стечајна постапка на друштвото.



(2) Покрај мерките утврдени во став (1) на овој член, Агенцијата може да му наложи на друштвото да преземе и други мерки во функција на унапредување на работењето на друштвото и зајакнување на системот на интерни контроли во друштвото.

(3) Агенцијата согласно интерните акти, определува мерки на супервизија кои се најцелисходни и најсоодветни за постигнување на регулаторните цели, водејќи сметка за природата, тежината и зачестеноста на утврдените незаконитости и/или неправилности.

(4) Агенцијата може да определи една или повеќе мерки на супервизија.

(5) Мерките на супервизија утврдени во став (1) од овој член се носат во форма на Решение, Наредба или Спогодба (во понатамошниот текст: акт на Агенцијата).

(6) Доколку до денот на донесување на актот на Агенцијата со кој се изрекува мерка на супервизија друштвото ја отстранило незаконитоста за која согласно интерните акти на Агенцијата е предвидена мерка од став (1) точка 1) од овој член, Агенцијата нема да изрече мерка на супервизија кон друштвото.

(7) За незаконитостите за кои согласно интерните акти на Агенцијата е предвидена мерка на супервизија од став (1) точка 5 од овој член, Агенцијата во рамки на своите овластувања ќе изготви записник за констатиран прекршок и во истиот ќе му предложи на сторителот на прекршокот постапка на спогодување и постигнување согласност со кој сторителот на прекршокот ќе ја плати договорената глоба и другите давачки, ќе ги отстрани последиците на прекршокот или ќе исполни некоја обврска.

(8) Постапката на спогодување се покренува со доставување понуда за постигнување согласност за спроведување постапка за спогодување од страна на Агенцијата во рок од 8 дена од денот кога е констатирано сторување на прекршокот. За датум за констатирање на прекршокот се смета конечноста на Записникот.

(9) Постапката на спогодување се спроведува во согласност со одредбите од Законот за супервизија на осигурување, Законот за задолжително осигурување во сообраќајот и Законот за прекршоци.

(10) За осигурителните брокерски друштва и друштвата за застапување во осигурување, како и за лицата од членот 1 став (3), Агенцијата може да ги изрече само мерките на супервизија под точка 1) и 5) од став (1) на овој член."

Член 10

Во членот 15 став (3) зборовите: „согласно со потребите" се менуваат со зборовите: „можат да".

Член 11

Во членот 16 после зборот „органи" се додаваат зборовите „и други институции".

Член 12

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-302/6
10 мај 2017 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Климе Попоски,**
с.р.

- Бр. 59